Врз основа на член 26 став (6) од Законот за вршење на сметководствени работи (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 173/22) министерот за финансии донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ПОЛАГАЊЕ НА ИСПИТ ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА СТАТУС НА СМЕТКОВОДИТЕЛ И БАРАЊЕТО ЗА ПОЛАГАЊЕ НА ИСПИТ ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА СТАТУС НА ОВЛАСТЕН СМЕТКОВОДИТЕЛ, КАКО И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА УВЕРЕНИЕТО ЗА СМЕТКОВОДИТЕЛ И УВЕРЕНИЕТО ЗА ОВЛАСТЕН СМЕТКОВОДИТЕЛ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат формата и содржината на барањето за полагање на испит за стекнување на статус на сметководител и барањето за полагање на испит за стекнување на статус на овластен сметководител, како и формата и содржината на уверението за сметководител и уверението за овластен сметководител.

Член 2

Барањето за полагање на испит за стекнување на статус на сметководител се поднесува на образец „Барање за полагање на испит за стекнување на статус на сметководител“, во А-4 формат на хартија во бела боја.

Формата и содржината на барањето од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог 1, кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Барањето за полагање на испит за стекнување на статус на овластен сметководител се поднесува на образец „Барање за полагање на испит за стекнување на статус на овластен сметководител“, во А-4 формат на хартија во бела боја.

Формата и содржината на барањето од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог 2, кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

Уверението за сметководител се издава на образец „Уверение за сметководител“, изработен од конздрук хартија во бела боја, во А-4 формат.

Формата и содржината на уверението од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог 3, кој е составен дел на овој правилник.

Член 5

Уверението за овластен сметководител се издава на образец „Уверение за овластен сметководител“, изработен од конздрук хартија во бела боја, во А-4 формат.

Формата и содржината на уверението од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог 4, кој е составен дел на овој правилник.

Член 6

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за формата и содржината на барањето за стекнување на уверение за сметководител односно овластен сметководител, како и формата и содржината на уверението за сметководител, односно овластен сметководител („Службен весник на Република Македонија” бр. 212/16).

Член 7

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 13- 542/1
20 јануари 2023 година
Скопје

Министер за финансии
Dr. Fatmir Besimi, с.р.

ПРИЛОГ 1

ДО
ИНСТИТУТОТ НА СМЕТКОВОДИТЕЛИ И ОВЛАСТЕНИ СМЕТКОВОДИТЕЛИ
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Б А Р А Њ Е

за полагање на испит за стекнување на статус на сметководител

Од__________________________________________________________

(име, име на еден од родителите и презиме)

____________________________________________________________

(адреса и живеалиште на подносителот на барањето)

____________________________________________________________

(телефон и е-пошта на подносител на барањето)

Краток опис поради што се поднесува барањето:

Молам Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Северна Македонија да ми овозможи да полагам испит за стекнување на статус на сметководител согласно член 26 став (1) од Законот за вршење на сметководствени работи (*).

Место и датум　　　　　　　　　　　　　　Подносител на барањето

________________　　　　　　　　　　　　　　______________________

ПРИЛОГ 2

ДО
ИНСТИТУТОТ НА СМЕТКОВОДИТЕЛИ И ОВЛАСТЕНИ СМЕТКОВОДИТЕЛИ
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Б А Р А Њ Е

за полагање на испит за стекнување на статус на овластен сметководител

Од______________________________________________________________________________

(име, име на еден од родителите и презиме)

_______________________________________________________________________________

(адреса и живеалиште на подносителот на барањето)

_______________________________________________________________________________

(телефон и е-пошта на подносителот на барањето)

Краток опис поради што се поднесува барањето:

Молам Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Северна Македонија да ми овозможи да полагам испит за стекнување на статус на овластен сметководител согласно член 26 став (1) од Законот за вршење на сметководствени работи (*).

Место и датум

_______________

Подносител на барањето

_________________________

ПРИЛОГ 3

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ИНСТИТУТ НА СМЕТКОВОДИТЕЛИ И ОВЛАСТЕНИ СМЕТКОВОДИТЕЛИ
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 26 став (5) од Законот за вршење на сметководствени работи (*), Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Северна Македонија издава

У В Е Р Е Н И Е
за сметководител

На ______________________________, со ЕМБГ ______________________________, роден-а ________________________година, во ______________му се издава уверение за сметководител.

Бр.___________
___20___година
Скопје

М.П.

Претседател на Институтот на
сметководители и овластени сметководители
на Република Северна Македонија

ПРИЛОГ 4

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ИНСТИТУТ НА СМЕТКОВОДИТЕЛИ И ОВЛАСТЕНИ СМЕТКОВОДИТЕЛИ
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 26 став (5) од Законот за вршење на сметководствени работи (*), Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Северна Македонија издава

## У В Е Р Е Н И Е
за овластен сметководител

На ________________________________________, со ЕМБГ ___________________________________________,
роден-а _______________________________година, во ___________________му се издава уверение за овластен сметководител.

Бр.___________
___20___година
Скопје

М.П.

Претседател на Институтот на
сметководители и овластени сметководители
на Република Северна Македонија